Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-107/4
09.02.2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-638 од 30.11.2022 година поднесена од [redacted] против Општина Ѓорче Петров, за извршена дискриминација во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 11.1.2023 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на пристап до добра и услуги сторена од страна на Општина Ѓорче Петров врз [redacted].

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-638/1 од 28.11.2022 година, од [redacted] за сторена дискриминација во областа на пристап до добра и услуги од страна на Општина Ѓорче Петров.

Во првичните наводи на претставката, подносителката истакнува дека на ден 5.5.2022 година Општина Ѓорче Петров донела одлука за меѓуопштинска соработка со Град Скопје. Со таа одлука предвидено е асфалтирање на дел од улиците во Општина Ѓорче Петров. Проектот е вреден 26 милиони денари, од кои со 25 милиони денари учествува Град Скопје. Таа смета дека средствата обезбедени од Град Скопје се искористиле за партиски потреби.

Понатаму продолжува со опишување на фактичката состојба и вели дека состојбата на ул. 51 – прв десен крак, иако била пријавена во општината, сепак не била опфатена со одлуката за асфалтирање. Истакнува дека жителите на таа улица веќе 25 години живеат без улично осветлување, со кал и дупки поради немањето асфалт. И покрај фактот што таа улица е населена веќе 25 години, во одлуката биле опфатени три други улици на кои допрва се градат куќи, а нивните сопственици се уште не се вселени. Подносителката смета дека улиците не се одбираат и асфалтираат по некој редослед, туку според потребите на мнозинството на советниците во општината, што пак го смета за дискриминирачки.

Исто така истакнува дека неправдата станува поголема со тоа што во септември 2022 година, општината од вкупно три краци на ул. 51, започнува со асфалтирање само на вториот крак, кој исто така не бил опфатен со споменатата одлука, со што го прескокнува првиот на кој живеат тие. Со тоа, жителите на првиот крак сметаат дека се доведени во дискриминирачка положба во однос на жителите од вториот крак.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 2.12.2022 година електронски испрати Барање за доуредување на претставката, со насоки подносителката јасно да го посочи потенцијалниот дискриминатор против кој ја поднесува претставката, основот врз кој смета дека е дискриминирана, како и фактите и околностите кои го потврдуваат тврдењето за сторена дискриминација.

На ден 5.12.2022 година пристигна доуредување од подносителката [redacted] во кое како орган против кој ја поднесува претставката ја наведува Општината Ѓорче Петров. Основот за дискриминација неофицијално го наведува како политичка припадност. Во врска со бараните факти и околности, најпрво истакнува дека на ден 5.5.2022 година во службениот гласник на Општина Ѓорче Петров се објавила Одлука со бр. 09-974/1 за меѓуопштинска соработка на Град Скопје со Општина Ѓорче Петров.

Во споменатата одлука, меѓудругото се предвидело асфалтирање на населбата Стопански двор, односно десните краци на ул. 52. Со оглед на фактот дека во истата населба има повеќе улици кои не се асфалтирани, таа смета дека изборот на улиците не е праведен спрема останатите граѓани во населбата. Повторно истакнува дека иако 25 години живеат на истата улица, која се уште не е асфалтирана, сепак со одлуката биле избрани улици кои допрва се пробиваат. Дополнително како факт наведува дека во одговорот што го добиле од општината е истакнато дека приоритет имаат улиците кои се најстари и со најголем број на жители, што смета дека е спорно од аспект што тоа не било така во донесената одлука.

Понатаму истакнува дека, иако непредвидени во одлуката, од првите три краци на ул. 51 општината го асфалтирала само вториот крак, односно бил прескокнат првиот крак на улицата чиј жител е таа. Прашањето кое го поставува е по кој основ општината направила отстапка, дури и надвор од сопствената одлука, само за вториот крак, кога тој и по должина и по број на куќи, но и по години живеење на неговите жители, е скоро ист со првиот крак. Дополнително смета дека како жители на една од првите населени улици во населбата, требало да бидат вклучени во носењето на одлуката.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 7.12.2022 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставката бр. 08-638/4 до Општина Ѓорче Петров.

На ден 29.12.2022 година во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од Општина Ѓорче Петров како одговор на претставката.

Во одговорот од Општина Ѓорче Петров велат дека од нивна страна не се преземени никакви дејствија со кои би дошло до повреда на правото на еднаквост во постапувањето, ниту до повреда што се заснова на дискриминаторска основа. Во конкретниот случај, појаснуваат дека не станува збор за делување врз дискриминаторска основа, туку дека напротив, изградбата и асфалтирањето на посочените улици е во функција на подобрување на квалитетот на живеење на сите жители во тој дел од населбата.

Во врска со дописот испратен од страна на [redacted] до општината, а во име на жителите на ул. 51, тие велат дека од секторот за урбанизам, инвестиции и комунални дејности во општината е одговорено со допис бр. 29-719/2 од 19.10.2022 година, со кој подносителката е известена дека нивното барање за асфалтирање на посочената улица, односно крак од ул. 51, ќе биде земено предвид во наредниот период.

Што се однесува, пак, до Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за асфалтирање на улици во Општина Ѓорче Петров, велат дека истата е донесена од страна на Советот на општината (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 7/2022), во соработка со Градот Скопје и месните заедници, при што директно биле вклучени граѓаните и месното население. Воедно, истакнуваат дека предметното барање за конкретната улица, односно крак од улица, е поднесено по донесувањето на цитираната одлука. Потенцираат

дека ова не значи дека општината согласно своите можности и обезбедени средства нема да направи напор за реализација на истата во следниот период. За ова велат дека на повеќе наврати усно биле информирани претставници од тој дел на населбата од страна на вработени во секторот за урбанизам.

На ден 20.1.2023 година, членот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација – Лимко Бејзароски, изврши увид во просториите на секторот за урбанизам на Општина Ѓорче Петров и оствари средба со [redacted] На средбата беше побарано образложение во врска со одлуката да се асфалтира само вториот крак на ул. 51, дали и кој го дал предлогот, дали советот на општината при водење на консултациите во врска со одлуката ги вклучил и жителите на населбата Стопански двор, како и критериумите по кои се бирани улиците подобни за асфалтирање. По разговорот, од страна на раководителот беше соопштено дека од општината ќе испратат писмен одговор во врска со овие прашања.

На ден 24.1.2023 година до Комисијата пристигна дополнување на претставката од страна на [redacted]. Во дополнувањето, таа истакнува дека жителите на ул. 51 се приклучени на водоводната мрежа уште од 1992 година, а во 2011 година била поставена и канализација. Напоменува дека овие информации ги доставува поради тоа што општината неколку пати неофицијално, како причина зошто истата улица не се асфалтира, наведува дека тоа е поради фактот што истата улица не е приклучена на водоводна и канализациона мрежа па при приклучување повторно би требал да се вади асфалтот и става нов.

Последно, на ден 26.1.2023 година до Комисијата пристигна и писмениот одговор на секторот за урбанизам во врска со претходно споменатата средба. Во одговорот се вели дека при изборот на улиците за асфалтирање било земено предвид каде има готова канализациона, водоводна и електрична мрежа. Следствено, спорната улица за која се има обратено подносителката тврдат дека не е направена затоа што на улицата нема водоводна и електрична мрежа и по целата улица од десната страна се уште нема изградено објекти. При градење на тие нови објекти, ќе треба да се изврши приклучок на вода, канализација и струја, за што ќе биде потребно да се изврши копање по улицата и би се оштетил и ископал асфалтот. Вториот крак, од друга страна, ги има завршено сите инфраструктурни приклучоци и поради тоа е асфалтирана и на неа понатаму не би настанале оштетувања поради копање.

Од наводите на претставката и одговорот на истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација оцени дека не можат да се најдат факти и околности кои укажуваат на сторена дискриминација.

Имено, Комисијата утврди дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција на дискриминација содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Поконкретно, Комисијата го ценеше фактот што Општината Ѓорче Петров при асфалтирање на улиците, постапувала согласно веќе донесената Одлука бр. 08-918/3 од 5.5.2022 година, а при

асфалтирање на вториот крак од ул. 51, која не била предвидена во одлуката, се водела од разумна причина. Со тоа, Комисијата не утврди факти и околности кои би ја потврдиле дискриминаторската основа на која се повикува подносителката.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација во областа на пристап до добра и услуги од страна на Општина Ѓорче Петров.

Скопје
8.2.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- Општина Ѓорче Петров – Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности, ул. Ѓорче Петров бр. 73, 1000 Скопје